# Средно училиште на Град Скопје
# „Димитар Влахов“

***ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ***

**за работа на училиштето во учебната 2022/23**



**Скопје, август 2023**

**Л И Ч Н А   К А Р Т А**

Република Северна Македонија

Средно училиште на Град Скопје

„ДИМИТАР  ВЛАХОВ"

С К О П Ј Е

Град

А е р о д р о м

Општина

Ден, месец и година на основање

08.11.1955



„Трета Македонска бригада" 22

Тел. 02/ 2464-590 факс 2462-733

sugsdimitarvlahov@yahoo.com

Потпис на овластено лице

## *СОДРЖИНА:*

*ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ* ........ 1
Л И Ч Н А   К А Р Т А........ 2
3. Организација на работата на училиштето........ 8
3.1. Материјално-техничка подготовка ........ 8
3.2. Организација на наставниот процес ........ 9
3.3. Реализација на Годишната програма за работа ........ 15
3.4. Извештај за успехот и редовноста на учениците........ 31
3.5. Извештај за државна матура и завршен испит ........ 37
4.Реализација на наставата ........ 37
5.Вonнаставни активности реализирани во учебната година ........ 41
6. Работа на управните и стручните органи и тела ........ 48
6.1. *Училиштен одбор* ........ 48
6.2. Совет на родители ........ 48
6.3. Наставнички совет........ 48
6.4 Менаџерски тим на училиштето ........ 49
6.5. Стручни активи ........ 49
7. Екскурзии ........ 50
8. Извори на финансирање........ 51
Прилози........ 52

## 2. Вовед

Образовно - воспитната работа е динамичен процес кој бара постојано следење на новите достигања на полето на педагошката теорија и практика и максимално залагање и ангажирање. За да можат да се реализираат целите и задачите на воспитанието и образованието, односно задачите на средното училиште, целокупната дејност во училиштето треба да се организира, програмира и реализира. Сета оваа програмирана дејност влегува во годишната програма за работа на училиштето. Во училиштето се реализираа активности според методологијата за самоевалуација на работата на училиштето. Се работеше на остварување на поставените приоритети и планирани активности според Програмата за развој на училиштето.

Со Годишната програма за работа во учебната 2022/23 година беа планирани програмските насоки и задачи за сите подрачја од воспитно-образовната дејност на училиштето и целокупното работење, а со посебните планови на органите и телата беа планирани работите за секое подрачје од дејноста на училиштето.

Задачата на нашето училиште се темели на усвојувањето знаења, умеења и навики од науките кои имаат апликативна вредност, како и професионално оспособување на учениците за извршување на конкретни работи и работни задачи од личните услуги, хемиско-технолошката и графичката дејност.

### Историјат на училиштето

Низ годините училиштето го менувало името, најпрвин постоел голем центар за ученици од стопанството „Крсте Мисирков", кој обединувал најразлични профили, струки и занимања. Бил сместен во зграда наменета за ученици во стопанство и тоа во реонот каде што до пред некоја година се наоѓаше Скопскиот саем, а денес новиот новиот East Gate Mall. Во 1955 година, со одлука на Народниот одбор на град Скопје, од овој центар се издвојува Училиштето за кожа, текстил и гума, под име „Димитар Влахов", со занимања од областите на преработка на кожа, гума, текстил и стакло. Оваа 1955 година ја земаме како почеток на нашето училиште. Кон овие занимања, во 1963 година е додадена и Графичката струка, префрлена од училиштето „Коце Металец".

По катастрофалниот земјотрес од 1963 година училиштето било сместено во привремен објект, барака, во непосредна близина на печатницата „Гоце Делчев", која ни оддалеку не била соодветна на потребите. Проблемот со недостиг од стручен кадар бил ублажен во 1972 година, кога биле вработени првите професори и технолози. Ова значително го подобрило квалитетот на наставата. Таа година, паралелките кои дотогаш наизменично по една недела посетувале теоретска, односно практична настава, биле поделени по струки.

Во 1973 година, со новата верификација, училиштето се именува како Училиштен центар за занимања „Димитар Влахов" во кое се изучувале следните струки: лични услуги, графичка, стакларска, текстилна, кожа-гума, прехранбена, земјопреработувачка и изработка и преработувачка на хартија.

Во 1975 година беше отворен училишниот фризерско-козметички салон од отворен тип, што се наоѓа на булеварот „Партизански одреди“ и беа вработени стручни наставници, така што за учениците од струката лични услуги се создадоа најсовремени услови за практична настава. За жал, проблемот со немање сопствена училишна зграда имаше привремени решенија во повеќе училишта во кои „Димитар Влахов” беше потстанар: О.У. „Кирил и Методиј“, гимназиите „Раде Јовчевски-Корчагин“ и „Георги Димитров“.

Состојбата до некаде се ублажи со вселувањето во сегашната зграда. Освен редовната настава, во Центарот се отворија нови паралелки за возрасни кандидати од многу занимања и се воведоа вонредни испити. Во 1986 година, беше воведена педагошката служба.

Промената на името во Училиштен центар за средно образование „Димитар Влахов“ се случи во 1988 година. Во овој период беше воведено и четиригодишно образование во графичката струка – графички техничар, а набрзо потоа се оформија паралелки за козметички техничари и прехранбени техничари. Четиригодишното образование овозможуваше проодност за факултетско образование.

Од 04.10.1999 година, официјалното име на училиштето стана Државно средно училиште „Димитар Влахов“. Во 2000 година беше обновена верификацијата на сите образовни профили од лични услуги, од графичката и од прехранбената струка, а се воведе и специјалистичко образование од графичката струка за образовните профили: слагач-специјалист, печатар-специјалист, книговезец-картонажер-специјалист.

Во 2001 година, училиштето се вклучи во експерименталната настава на ФАРЕ програмата за интегрирана реформа на средното стручно образование. Со оваа програма беа опфатени паралелките од профилот графички техничар. Во учебната 2003/2004 година за првпат се оформи паралелка на албански наставен јазик за образовниот профил фризери.

Во 2005 година Државното средно училиште „Димитар Влахов“ го слави својот златен јубилеј – 50 години постоење.

Од 10.01.2006 година се врши промена на називот Државно средно училиште во Средно училиште на Град Скопје.

**Цели на училиштето**

Низ образовниот процес младите усвојуваат знаења, стекнуваат умеења и навики, што претставуваат основа за продолжување на образованието и вклучување во процесите на трудот. Тоа го постигнуваме со систематско развивање на индивидуалните физички и интелектуални способности, хуманистичките и моралните вредности на младите личности. Тоа, пак, нив треба да им овозможи подготовка за перманентно образование, критичко мислење, активен и одговорен однос кон себе и средината, за живот и мир, разбирање и соработка во граѓанско демократско општество.

Целите се операционализираат низ наставните програми, односно низ неговите задачи, содржини и организациски форми, кои пак, се определени и насочени кон потребите од кадри во трговските друштва и кон потребите и можностите на младите луѓе.

Како цели и задачи на нашето училиште вклучени се и принципите кои се насочени кон унапредување на разбирањето, толеранцијата, пријателството меѓу заедниците од различни верски групи и почитување на човекот и неговите основни права.

Посебно внимание се посвети на улогата на наставниците и учениците во процесот на наставата. Централно место му се даде на ученикот, неговите интереси и слободата во изборот на неговите активности. Традиционалниот-конзервативен однос наставник - ученик, кој се темели на подучување и слушање, настојуваме да се напушти. Новиот воспитно-образовен процес претпочита нов однос во кои улогите на сите присутни се блиску до изедначени и здобивање интегрирани когнитивни, психомоторни и афективни компетенции на ниво на примена (примена на знаењата-компетентност, поседување знаења што овозможуваат решавање проблеми и реагирање во нови ситуации и поседување комуникациски и социјални вештини).

Врз основа на претходното, како и анализата на состојбите и проблемите од претходните години и предлозите, мислењата и заклучоците од страна на стручните и управните органи и тела на училиштето ја поставивме Програмата за воспитно-образовната работа на Училиштето за учебната 2022/23 година.

## МИСИЈА

**Нашето училиште е безбедна и дисциплинирана средина во која создаваме најповолни услови за почитување на разликите и за користење на ефективни образовни техники и технологија кои ќе му помогнат на секој ученик да постигне најмногу што може за да земе активно учество во предизвиците на пазарот на трудот и во општественото опкружување, а притоа за цело време имаме партнерски односи меѓу учениците, наставниците и родителите.**

### Изјава за мисија

***Оспособуваме кадри, социјализирани, емоционално зрели личности и подготвени да промовираат етничка интеграција и да одговорат на современите професионални предизвици.***

## ВИЗИЈА

**Да бидеме модерно и ефективно мултиетничко училиште, во кое се што ќе се работи ќе биде за доброто на учениците, за постигнување повисоки резултати во сите области.**

**Сакаме училиште во кое наставата ќе се реализира преку вклучување на информатичка технологија ,креативни методи и техники за активна настава и учење, тимска работа, партнерски однос со родителите и локалната заедница.**

**Нашата визија ќе ја оствариме со имплементација на реформираните наставни планови и програми за тригодишно и четиригодишно образование за занимања.**

**Сакаме училишна клима во која ќе постои демократски однос меѓу наставниците, учениците, стручните соработници и останатите вработени, почитување на правата и обврските на сите и континуирано подобрување на меѓучовечките односи.**

**Да бидеме училиште со квалитетни и мотивирани наставници кои сета своја енергија ќе ја насочат кон поттикнување на учениците за постигнување на подобри резултати и да им го трасира патот кон пазарот на трудот или кон високо образовните институции.**

**Сакаме училиште кое ќе биде финансиски автономно по пат на обезбедување на сопствени капацитети каде што учениците ќе ја реализираат праксата, а од остварените приходи ќе го подобрат својот ученички и училиштен стандард.**

**Сакаме училишна клима во која ќе постои демократски однос меѓу наставниците, учениците, стручните соработници и останатите вработени, почитување на правата и обврските на сите и континуирано подобрување на меѓучовечките односи.**

**Сакаме училиште кое постојано учи, каде што наставниците и стручните соработници континуирано, стручно и професионално ќе се усовршуваат што ќе им овозможи примена на современи образовни технологии и интерактивни методи.**

**Сакаме училиште кое ќе биде финансиски автономно по пат на обезбедување на сопствени капацитети каде што учениците ќе ја реализираат праксата, а од остварените приходи ќе го подобрат својот ученички и училиштен стандард.**

**Изјава за визија**

***Учениците да веруваат дека моќта на учењето и знаењето ќе им помогне да ја изградат својата иднина во интегрирано мултикултурно општество.***

Мисијата и визијата се остварени преку постигнување на следните цели:

- постигнување на висок квалитет со најдобрите наставници,
- обезбедување на врвни услови за изведување на наставата и практичната настава,
- поставување на училиштето на основа на високопрофесионална деловна организација,
- максимизирање на потенцијалот на училиштето,
- обезбедување неопходни средства со поддршка на професионален маркетинг, промоција и спонзорства,

- остварување на долгорочна соработка со респектабилни училишта во земјата и странство заради унапредување на воспитно-образовниот процес,
- дејствување на инфраструктурата и на нејзиното оформување заради зголемување на квалитетот на воспитно-образовниот процес во целина.

Во текот на годината се следеше реализацијата на мисијата и постигнувањето на визијата и, доколку е потребно, ќе се преземат корективни акции.

Овие изјави беа разгледувани на сите активи, на Советот на родители, а потоа и заеднички прифатени на Наставничкиот совет. По заеднички споделената мисија и визија, истите ќе бидат истакнати на видно место во училиштето.

## 3. Организација на работата на училиштето

СУГС „Димитар Влахов" се наоѓа во централното градско подрачје на улица Трета Македонска Бригада број 22.

Училиштето располага со училишна зграда, од која за училиници со површина од 1.412 м$^2$, други наставни простории со површина од 1.217 м$^2$, и дворна површина 1.790 м$^2$ и игралиште од 1.100 м$^2$.

Учебната 2022/23 годна започна на 01. 09. 2022

година, со претходно извршени подготовки за успешен почеток на наставната година. Во оваа учебна година во нашето училиште се запишаа 536 ученика во 40 паралелки.

### 3.1. Материјално-техничка подготовка

Училиштето има максимално искористен простор, а опременоста со наставни и материјално дидактички средства е во согласност со пропишаниот норматив. Образовно-воспитната работа во СУГС „Димитар Влахов" се реализираше во 20 училници. Дел од нив се стандардни училиници а дел се со нестандарден капацитет. Училиштето располага и со два кабинети по информатика опремени со интернет, училишни кабинети за изведување практична настава за струка/сектор лични услуги, грфичка работилница, хемиска лабораторија, работилница за хемиско технолошка струка, опремен кариерен центар, библиотека со солиден библиотечен фонд како и оградено спортско игралиште и адаптирана просторија за реализација на дел од часовите спорт. Недостаток е што училиштето нема фискултурна сала.

Со новите наставни програми се појави и потреба за реализација на практичната настава за образовниот профил Фризер, Естетичар за нега на раце и нозе, за кои беа подготвени кабинети со обезбедување на одредена опрема за потребите на таа настава. Максимално беше користен и кабинетот за практична настава за струката лични услуги кој е лоциран надвор од училиштето, на локација Карпош-Лептокарија.

Практичната настава за хемиско-технолошката струка беше реализирана во хемиската лабораторија, во работилницата и во компаниите со кои училиштето има склучено меморандум. Практичната настава за струка/сектор Графичарство се реализираше дел во графичката работилница во училиштето и дел во компании.

Тоа наметна потреба од интервенции со цел подобрување на условите за работа.

Направени се одредени интервенции:

- Опремување на училниците со компјутери и аудио опрема за реализација на квалитетна настава;
- Опремување на училниците со ЛЦД проектори и смарт табли;
- Замена на оградата на околу спортското игралиште;
- Реконструкција на главниот влез во училишната зграда и адаптација на пристапната рампа;
- Молерисување на училишнот салон за практична настава на локација во Лептокарија;
- Генерално чистење на сите простории на месечно ниво;
- Дезинфекција, дезинсекција и дератизација на сите простории во училиштето на секои 6 месеци;
- Молерисување на училишната зграда;
- Реновирање на хемиската лабораторија;
- Реконструкција и адаптација на тоалет за деца со посебни потреби.

Во однос на образовната технологија, постојната опрема ги задоволуваше потребите на наставните планови и програми. Во однос на негледните средства има потреба од дополнителна опременост.

## 3.2. Организација на наставниот процес

### *Настава*

Училиштето подготвено ја започна учебната година. Воспитно-образовната дејност беше планирана со Годишната програма за работа на училиштето, која навремено беше доставена на соодветните органи и институции.

Наставата во училиштето се изведуваше на македонски, албански и турски јазик според изготвен распоред кој во почетокот трпеше одредени корекции поради наставниот кадар кој доаѓаше од други училишта и мораше да биде усогласен и со нивните потреби.

Наставата се одвиваше во две смени. Првата смена започнуваше во 7.30 часот и завршуваше во 13.10 часот, а втората смена започнуваше во 13.30 часот а завршуваше во 19.10 часот.

Во училиштето се запишаа 536 ученици во 40 паралелки, од кои 23 паралелка на македонски наставен јазик, 14 на албански наставен јазик, 3 паралелка на турски јазик и тоа во следните струки/сектори и образовни профили/квалификации:

**Лични услуги**:

- техничар за козметичка нега и убавина, четиригодишно траење, во 8 паралелки (4 мак. и 4 алб);
- фризер, тригодишно траење, во 13 паралелки (7 мак. 3 алб. 3 тур) ;
- естетичар за нега на раце и нозе, тригодишно траење, во 6 паралелки (3 мак. и 3 алб.) вкупно 26 паралелки во Лични услуги.

**Хемиско-технолошка струка/сектор Хемија и технологија**

- прехранбен техничар/техничар за заштита на животната средина, прехранбен техничар, четиригодишно траење, во 8 паралелки (4 мак. и 4 алб.). Прехранбен техничар на македонски и албански јазик дуални паралелки
- месопреработувач во 1 дуална паралелка на македонски наставен јазик вкупно 9 паралелки во Хемиско-технолошка струка

**Графичка струка/сектор Графичарство**:

- графички уредник – дизајнер, четиригодишно траење, во 4 паралелки на македонски наставен јазик; вкупно 4 паралелки во Графичка струка

Во текот на учебната година наставата се изведуваше редовно по сите предмети предвидени со наставните планови и редовно се вршеше проверка и оценување на постигањата на учениците.

Во настојувањето за унапредување на воспитно-образовниот процес беа застапени групна, индивидуална и други форми на работа.

Во наставната работа се користеа усни излагања, тест метода, писмени работи, наставни ливчиња, фронтална метода, метода на демонстрација, ИКТ во наставата. Наставата беше организирана како редовна, дополнителна и додатна. Редовната настава се одвиваше како теоретска според наставните планови и програми, а практичната настава која е поделена во два дела се реализираше во работилниците на училиштето (хемиската лабораторија, козметичко-фризерските работилници и графичката работилница) како и кај работодавачи и сродни компании каде што учениците се запознаваа со процесите на работење во тие компании.

Дополнителната настава има задолжителен карактер и се организираше со цел на учениците да им помогне полесно да ги совладаат потешкотиите на кои наидуваа при совладувањето на определени наставни содржини. Во текот на целата наставна година беа изведувани дополнителни активности преку разни форми на групна и индивидуална работа. Наставниците ги реализираа часовите од дополнителната настава.

Некои наставници одржаа и дополнителни консултативни средби со учениците со цел пообјективно да биде вреднувано нивното знаење.

За наставните предмети по кои учениците имаа обврска да полагаат поправен испит на крајот од наставната година, или се подготвуваа за полагање на завршни испити и испити од државна матура, се организираше консултативна настава во договор со предметниот наставник.

Овој вид настава се организираше и за вонредните ученици при подготовка за полагање испит.

Феријалната практика која се организира во летниот период, во траење од 5 до 20 дена зависно од образовниот профил, а со цел учениците да се стекнат со практични вештини од струката се реализираше во компании со кои училиштето има потпишано меморандум за соработка.

***Наставен кадар***

Во реализација на наставата оваа учебна година беа ангажирани 66 наставници кои реализираа годишни, тематски и дневни планирања.

Наставниците навремено, стручно и професионално ги извршија подготовките за успешен почеток на наставната година. Сите наставници имаа изготвено годишни планови како и тематски планирања.

Реализирани беа 163 наставни денови со завршните паралелки од трета и четврта година на воспитно-образовниот процес и 177 со прва, втора и дел од трета година. Наставните програми како и годишниот фонд на часови по сите предмети се во целост реализирани согласно насоките од МОН, БРО и ЦСОО. Уредно се водеше и електронскиот дневник.

Стручно-педагошко и методско усовршување на наставниот кадар се реализираше во рамките на училиштето преку стручните органи: Наставнички совет, класни совети, стручни активи и следење на стручна литература. Исто така, наставниците редовно ги следеа сите семинари и советувања одржани од страна на МОН, БРО и ЦСОО.

Наставниците беа вклучени и во други семинари и обуки организирани од други сертифицирани институции и провајдери. Сето ова ќе придонесе за унапредување на воспитно-образовниот процес, односно за реализација на наставата со современи наставни методи и технологии, за што како краен ефект ќе имаме подобри резултати од страна на учениците.

Исто така, во училиштето се разработија теми за стручно и педагошко образование на наставниците и тоа за квалитетно планирање на образовната работа, за водење на педагошката документација и евиденција, интеракција во наставата како и комуникација на ниво на училиште.

# П Р Е Г Л Е Д

## На воспитно-образовниот персонал за учебна 2022/23

***Табела бр.1 Вработени во училиштето***

| Ред бр. | Презиме и име | Позиција |
|---|---|---|
| 1. | Гудоманова Јасминка | Директор |
| 2. | Станимировиќ Марика | Психолог |
| 3. | Илиевска Сузана | наставник, македонски јазик и литература |
| 4. | Ацева Силвана | наставник, македонски јазик и литература |
| 5. | Николовски Дарко | наставник, македонски јазик и литература |
| 6. | Оливера Петрушевска | наставник, македонски јазик и литература |
| 7. | Елизабета Величковска | наставник, македонски јазик и литература |
| 8. | Митрова Анче | наставник, македонски јазик и литература |
| 9. | Нухиши Рамиз | наставник, албански јазик и литература |
| 10. | Муртези Рагип | наставник, албански јазик и литература |
| 11. | Карахасан Ајлин | наставник, турски јазик и литература, англиски јазик |
| 12. | Назиме Ајредини | наставник, англиски јазик |
| 13. | Домазетова Татјана | наставник, англиски јазик |
| 14. | Даут Аида | наставник, англиски јазик |
| 15. | Јосифова Јованка | наставник, англиски јазик |
| 16. | Димитриевска Валентина | наставник, историја, граѓанско образование |
| 17. | Марковски Славчо | наставник, историја, граѓанско образование |
| 18. | Фазлија Азем | наставник, историја, граѓанско образование |
| 19. | Симјаноски Драшко | наставник, претприемништво, пто, иновации и претприемништво |
| 20. | Стојановска Елизабета | наставник, математика |
| 21. | Караташева Ирена | наставник, математика |
| 22. | Ана Димовска | наставник, математика |
| 23. | Арсова Катерина | наставник, математика |
| 24. | Денковска Маја | наставник, информатика и математика |

| | | |
|---|---|---|
| 25. | Џемаили Арктим | наставник, информатика и математика |
| 26. | Ивановска Сузана | наставник, физика |
| 27. | Тодоровска Радмила | математика |
| 28. | Стојановска Елена | наставник, хемија |
| 29. | Петровска Јадранка | наставник, хемија, аналитичка хемија, анализа на храна, инструментални анализи |
| 30. | Јаневска Слаѓана | наставник, хемија, анализа на храна, обновливи извори на енергија |
| 31. | Арсова Виолета | наставник, хемија, аналитичка хемија, |
| 32. | Касуми Блерим | хемија, аналитичка хемија, инструментални анализи |
| 33. | Кузмановска Соња | наставник, основи на здравството, биологија, биохемија |
| 34. | Стојановска Дијана | наставник, биологија, основи на здравството, анатомија и физиологија |
| 35. | Алиа Наџије | наставник, биологија, основи на здравството |
| 36. | Маневски Бојан | наставник, спорт и спортски активности |
| 37. | Крстевска Мирјана | наставник, спорт и спортски активности |
| 38. | Јакупи Исуф | наставник, спорт и спортски активности |
| 39. | Весели Ибрахим | наставник, спорт и спортски активности |
| 40. | Филиповски Атанас | наставник, спорт и спортски активности |
| 41. | Младеновски Илче | наставник, музичка култура |
| 42. | Савевска Елена | наставник, ликовна уметност; естетика, шминкање |
| 43. | Зејнулаху Нухи | наставник, ликовна уметност; естетика, шминкање, трајна шминка |
| 44. | Аврамовски Александар | наставник, основи на прехранбена технологија, технологија на месо и месни производи, суровини, производи и амбалажа, козметологија |
| 45. | Џолева Марија | наставник, фризерство, материјали во фризерството, естетска нега на рацете и нозете, познавање на материјалите, контрола на производни процеси, |
| 46. | Јанкуловска Билјана | наставник, фризерство, естетска нега на рацете и нозете, технологија на храна од растително потекло, храна и исхрана |
| 47. | Филип Јовановски | наставник, материјали во фризерството, познавање на материјалите, козметологија, |
| 48. | Маргарита Димитровска | наставник, практична настава, козметика, УПР, третмани во нега на |

| | | |
|---|---|---|
| | | лице и тело |
| 49. | Лита Афрдита | наставник, практична настава, третмани во нега на раце и нозе, третмани во нега на лице и тело |
| 50. | Мифтари Аршик | наставник, козметика, основи на здравството, дерматологија, лични услуги и други сектори на квалификација, анатомија и физиологија, УПР |
| 51. | Стефова Весна | наставник, УПР, практична настава |
| 52. | Величковска Јулија | наставник, основи на здравство, третмани во нега на раце и нозе, третмани во нега на лице и тело |
| 53. | Атанасовски Сања | наставник, материјали во козметиката, фризерство, биокозметика, козметологија, технологија на храна од растително потекло |
| 54. | Џељан Алији | наставник, козметологија, контрола на квалитетот, материјали во фризерството, фризерство |
| 55. | Зеќири Дурим | наставник, фризерство, естетска нега на рацете и нозете, материјали во фризерството, познавање на материјалите |
| 56. | Кадриу Ваљбона | наставник, суровини, производи и амбалажа, храна и исхрана, контрола на производни процеси, технологија на храна од растително потекло |
| 57. | Исмаил Зимери | наставник, операции и процеси, технологија на храна од растително потекло, биохемија, УПР, анализа на храна, |
| 58. | Ѓорѓиевски Љубе | наставник, техничко уредување на публикации, графичка монтажа, визуелен идентитет, графички дизајн, практична настава, УПР |
| 59. | Јордановски Горан | наставник, основи на графичарство и сродни сектори, основи на графички дизајн, графички материјали, средства за графички дизајн, типографија, техничко уредување на публикација, фотографија, форми на графички дизајн, векторска и растерска графика, УПР |
| 60. | Савева Елизабета | стручен наставник, практична настава – фризер |
| 61. | Киевска Марина | стручен наставник, практична настава – фризер |

| | | |
|---|---|---|
| 62. | Адеми Атиџе | стручен наставник, практична настава – фризер |
| 63. | Цветковска Драгана | стручен наставник, практична настава – фризер |
| 64. | Петрушевска Светлана | стручен наставник, практична настава – естетичар за нега на раце и нозе |
| 65. | Камберај Нуриман | стручен наставник, практична настава – естетичар за нега на раце и нозе |
| 66. | Ферихан Махмуд | стручен наставник, практична настава – фризер |
| 67. | Адили Ханифе | Наставник, производно техничко образование, иновации и претприемништво, претприемништво |
| 68. | Еминовска Сибел | Наставник,претприемништво |
| 69. | **Административно – технички персонал** | |
| 70. | Станковиќ-Танева Татјана | Секретар |
| 71. | Радојковиќ Маја | благајник и технички секретар |
| 72. | Петрески Митко | домаќин-економ |
| 73. | Бојкова Македонка | Хигиеничар |
| 74. | Ордева Благородна | Хигиеничар |
| 75. | Тасевска Мирјана | Хигиеничар |
| 76. | Весна Тофиловска | Хигиеничар |
| 77. | Александра Георгиевска | Хигиеничар |
| 78. | Љатифи Ариф | Чувар |

### 3.3. Реализација на Годишната програма за работа

Во текот на учебната 2022/23 година училиштето продолжи со реализација на низа активности од повеќе проекти „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“, „Намалување на насилството и унапредување на безбедноста на училиштата“, Безбедност во училиштата проекти кои по пат на јавен повик се избрани и финансиски поддржани од страна на Град Скопје се вклучени во нашата програма за работа како вонаставни активности.

Секако, не треба да заборавиме на превентивните и безбедносните мерки против Ковид-19 вирусот за да го зачуваме сопственото и туѓото здравје.

Во четири термини од 29.8.2022, 30.8.2022, 5.9.2022, 6.9.2022 се одржа обука „Младите и нивното ментално здравје“ во организација на Младите можат. На обуката присуствуваа наставниците Виолета Арсова, Оливера Петрушевска, Атанас Филиповски, Арктим Џемаили и психологот Марика Станимировиќ. Реализацијата на работилниците од обуката траеше цела учебна година со по два термина во месец од септември до мај. Работилниците се реализираа на класните часови.

На 16.9.2022 година се одржа првата Родителска средба за сите паралелки со физичко присуство.

На 14.9.2022 год. со почеток од 12 часот се одржана Информативната сесија во просториите на ЕУ Инфо Центарот и истиот го водеше организаторот на програмата RYCO-Регионалната канцеларија за младинска соработка и ГИЗ--германската организација за меѓународна соработка. На оваа сесија исто така присуствувше и претставник од МОН и од Агенцијата за млади и спорт кои ја даваат подршката на средните училишта да аплицираат, а воедно и со подршка до RYCO. Од нашето училиште СУГС,,Димитар Влахов″ на оваа информативна сесија земаа учество наставникот по хемија- Виолета Арсова и наставникот по стручни предмети - Јулијана Величковска. На оваа информативна сесија беше презентирана програмата со следните точки:

1. Представување на програмата за размена на - СУПЕРУЧИЛИШТА.
2. Резултати од првиот повик
3. Што добивате од вашето учество
4. Апликација и временска рамка
5. Дополнителни активности и прашања

Повикот има за цел да го поддржи процесот за помирување, како и интеркултурниот дијалог и учење помеѓу учениците и нивните заедници. Доколку бидат избрани, средните училишта со оваа програма ќе имаат можност да спроведат училишни размени со партнерско училиште од регионот на Западен Балкан и да учествуваат во програмските активности посветени на градење на нивните капацитети, поврзување и соработка.

На 12.9.2022 – 14.9.2022 година во рамките на Националната програма за Јавно здравје, Центарот за Јавно здравје изврши антропометриски мерења (телесна тежина и висина) на учениците од прва година.

На 21.9.2022г. се одржа работилница „Средношколците за почисто Скопје“ организирана од Волонтерски центар – Скопје, поддржана од Град Скопје.

На 22.9.2022г. и 23.9.2022г. се одржа обука за прва помош за учениците по повод „Кампањата за прва помош на млади“. Опфатени беа сто ученици од сите четири години.

На ден 2.10.2022 година се одржа WIZZ AIR SKOPJE MARATON. Покровители на манифестацијата беа Градот Скопје, Мисијата на Европската Унија и агенцијата за Млади и Спорт. Организатор е Сојузот на Спортови на Скопје Сојуз на спортови на Скопје, во рамките на своите програмски активности. И оваа година нашето училиште зема учество со наши ученици кои волонтираа на оваа манифестација. Одговорен наставник Мирјана Крстевска.

На 04 и 05 октомври 2022г. се одржа настанот Правда за секое дете, промоција на изработени механизми за зголемен пристап до правда во организација на УНИЦЕФ, Младински образовен форум. На настанот присуствуваше психологот Марика Станимировиќ.

На ден 5.10.2022 год. во Собранието на Република Северна Македонија во Скопје со почеток во 10:15 часот се одржа работилница за наставници по граѓанско образование од средните училишта во Република Северна Македонија. Содржините на работилницата беа реализирани од Одделението за едукација и комуникација во Парламентарниот институт на Собранието на Република Северна Македонија. Од нашето училиште на работилницата учествуваше Валентина Димитриевска.

Овој тип на работилници беа наменети за наставници од средните училишта, кои во рамките на наставните предмети предаваат содржини поврзани со управувањето со општеството, активното граѓанство и власта во Република Северна Македонија. Таков предмет во наставните програми на средните стручни училишта е предметот Граѓанско образование, кој се изучува во I година. Работилницата претставува обид да бидат опфатени оние аспекти на наставната програма поврзани со работата и улогата на Собранието во системот на поделба на власта, со фокус на нивната практична примена. Низ работилницата преовладува интерактивниот пристап, што претпоставува вклученост на учесниците низ поставување прашања и дискусии и размена на искуства.

Учениците од IV-3 во рамките на наставниот план изучуваат предмет Управување со отпад. По тој повод со предметниот наставник Слаѓана Јаневска организираа акција - Селектирање на отпад. Акцијата е спроведена на 14.10.2022 година во кругот на училиштето во двете смени, но таа продолжува и понатаму. Целта е да се разбуди свеста кај учениците за правилна селекција на отпад како и постојана грижа за заштита на животната средина.

По успешната акција на селектирање, следниот ден на 15.10.2022 година, селектираниот материјал беше подигнат и однесен на рециклирање со Вендинг апаратот во просториите на маркетот ,,Веро'' учениците на тој начин се стекнаа со нови искуства за рециклирање.

На 20.10.2022 година беше реализирана екоакција во организација на Волонтерски Центар Скопје во рамките на проектот "Средношколците за чисто Скопје", одобрен од Секторот за образование на Град Скопје. Во акцијата активно беше вклучена Општина Аеродром со цел да се анимираат граѓаните и учениците од средните училишта за важноста и потребата од чиста и здрава животна средина. Нашите ученици со задоволство се приклучија во оваа екоакција активно учествувајќи во зачувувањето на животната средина.

На 26.10.2022г.во просториите на Фондацијата „Никола Кљусев", Скопје, со поддршка на Град Скопје, се спроведува проектот насловен како "НЕ за насилството", за справување и спречување на насилството меѓу учениците.

Предавањата/обуките ги одржаа Др. Људмил Кљусев, невропсихијатар, специјалист за детска и адолесцентна психијатрија и Д-р Весна Дамчевска Илиевска, експерт за лидерство, ненасилна комуникација и справување со конфликти.

Предавањето/Обуката се одвиваше во текот на еден работен ден, во времетраење од 4 часа. Обуките се интерактивни и се наменети за наставниците, психолозите и педагозите од средните училишта на Град Скопје.

За потребите на практичниот дел од предметот "Лични услуги и други сектори на квалификација" на 04.10.2022г. беше направена посета на Занаетчиската комора Скопје од страна на учениците од прва година, Техничар за козметичка нега и убавина, заедно со предметниот наставник Марија Џолева. Воедно учениците имаа прилика да присуствуваат на два стручни семинари за фризери и козметичари кои се одржуваа во просториите на комората.

На 13.11.2022г. се одржа третото традиционално **МО-БЕРБЕР ШОУ НА ФРИЗЕРИТЕ БЕРБЕРИ НА ГРАД СКОПЈЕ** во Скопје Сити Мол.

Богат ревијален дел на мајсторите бербери со учество на нашите ученици кои имаа можност да ја почувствуваат сцената на еден ваков голем настан.

На ден 19.11.2022 година во просториите на Фондот за иновации и технолошки развој се оддржа инфо сесија јавен повик организиран од Фондот за иновации и технолошки развој на сесијата беа присутни наставниците од СУГС“Димитар Влахов“, Соња Кузмановска, Филип Јовановски, Наџе Алиа.

На сесијата претставниците на Фондот за иновации и технолошки развој пред наставниците од основните и средните училишта од град Скопје, дадоа насоки со цел подетално да се запознаат наставниците со условите и критериумите на Предизвикот за млади истражувачи 5 - зелени проекти.

На овој повик од Фондот за иновации и технолошки развој се бараат истражувачки проекти од областите на природните и техничките науки. Процесот на истражување треба да се основа на „научен метод“, односно да вклучува формулација, тестирање и потврда/модификација на хипотеза по пат на експеримент и набљудување. Резултатите од проектот треба да бидат применливи во зачувување и унапредување на животната средина и биодиверзитетот. Претставниците ги објаснија условите за аплицирање, начинот на рангирање на проектот, финансиската поддршка за реализација на проектите на оние кои ќе бидат избрани со најиновативни проекти, при тоа посочија рок за електронско аплицирање на предизвик за млади истражувачи #5 зелени проекти, како краен рок беше посочен 2.11.2022 година.

Традицијата на државната манифестацијата Детски Рацинови средби продолжува и оваа година по 55 пат во организација на Општина Велес.
На манифестацијата на ликовниот конкурс учестуваше и претставник од СУГС „Димитар Влахов“ ученичката Ана Јаневска од IV-1 клас, која под менторство на проф.Елена Савевска изработи прекрасен цртеж на зададената тема: ,,Рацин – поет на болката и љубовта” за што доби пофалница за учество.

Здружението „Мултиетничка организација за интернационални култури – МОЗАИК-МЕИК“ го реализираше Проектот„Ментално здравје кај младите“ преку работилници киј се реализираа на 9.11.22г. во СУГС „Владо Тасевски“, 10.11.2022г. на платформата ZOOM, 15.11.2022г во СУГС „Орце Николов“ и на 16.11.2022г. на платформата ZOOM. Целта на проектот е да се намалинегативниот ефект врз менталното здравје на учениците предизвикано од пандемијата и нивно пшодобро справување во оваа ситуација. Подобрување и зајакнување на состојбата на ментално-здравствениот пристап на стручните служби во училиштата и преку работилници за психоедукација на средношколците во превентивно дејствување и во познавање на раните бихевиорални манифестации на проблеми и потешкотии кај себе и кај другите.
На работилниците за стручните служби присуствуваше психологот на училиштето Марика Станимировиќ.

Од 14 – 20 ноември 2022г.беше одбележана Неделата на грижа за стари лица во дневните центри на Црвениот крст. Нашите ученици активно учествуваа со хуманитарни акции за средување на лицата во дневните центри.

На 24.11.2022 (четврток) во просториите на училишниот салон во Карпош се одржа едукативно предавање и работилница за учениците од втора и трета година, профил Фризер. Ивајло Љубомиров Стојанов како наш соработник, ментор на ученици и експерт во својата професија на интересен начин со презентација и пример од пракса ги запозна учениците кои вештини

треба да ги поседува фризерот, како да комуницира со клиентот и најважно како да одредува дијагностика пред да започне со работа.

Во вториот дел од презентацијата ги запозна со светот на боите, примарните и секундарните нијанси.

После презентацијата следеше работилница каде 10 ученици стекнатото знаење го применија во пракса.

Четири ученици од СУГС „Димитар Влахов“, заедно со наставникот по македонски јазик и литература Теодора Донакова на ден 25.11.2022 година го посетија Институтот за македонски јазик „Крсте Петков Мисирков“.

Оваа посета беше по повод јазичната трибина: „ Јазикот како културно богатство на цивилизациите“ која е дел од проектот „Денови на европско Скопје“. Истата за првпат беше организирана од страна на Институтот за македонски и се одржа во малиот амфитеатар. На оваа трибина учествуваа и учениците од:

- ОУ „ Гоце Делчев“
- СЕПУГС „Васил Антевски Дрен“
- ПСУ „Јахија Кемал“,
- СУГС „Георги Димитров“

На почетокот, свое обраќање имаа м-р Никола Белчев и директорката Елена Јовановска – Грујовска, кои ја истакнаа важноста јазиците, мајчиниот и странските. Дел од учениците читаа творби на македонски, англиски, германски, италијански, француски, турски и албански јазик. По завршувањето на трибината, учениците и професорите имаа можност да ја посетат спомен собата на Крсте Петков Мисирков, кадешто одблиску можеа да се запознаат со неговите живот и дело. Беше организиран мал коктел со кој и се заврши оваа посета.

Учениците имаа можност да се запознаат подобро со делата и најважните книги издадени од оваа институција, да погледнат подобро низ историјата на јазикот и да ја осознаат важноста на секој еден јазик кој беше дел од оваа трибина.

Особено беше ставен акцент на правилата на однесување на вакви настани и трибини, односно преку разговор се научивме како треба да се однесуваме при посета на вакви научни институции.

Здружение на информатичари на Македонија Bebras – International Challenge on Informatics and Computational Thinking на 21-25.11.2022 година одржа Интернационален натпревар по информатика „ДАБАР 2022 “**Дабар** е интернационален натпревар, наменет за ученици од основните и средните училишта, кој има за цел да ја промовира **информатиката** и сродните науки. Истиот се организира во повеќе држави, и е еден од најпопуларните натпревари во светот. Дабар има добиено повеќе награди на европски и светски конференции. Последната од нив е добиена на Европскиот самит за компјутерски науки, каде Дабар ја доби наградата **"Informatics Europe Best Practices in Education"**. Преку оваа активност ги промовираме компјутерските науки кај учениците, со што ќе придонесеме за нивниот развој како и развојот на нашата држава.

На натпреварот од нашето училиште учествуваа 1 наставник и 25 ученици од кои 10 машки и 15 женски. Учениците решаваа проблеми од различен тип.

Одговараа на 12 прашања за времетраење од 60 минути. Учениците успешно го завршија натпреварот.
Инаку, на овој натпревар учествуваа 16909 ученици од Македонија, со што нашата држава е меѓу оние со процентуално голем број учесници на овој популарен меѓународен натпревар. Натпреварот го поддржаа 165 училишта од кои 131 основно училиште и 34 средни училишта.

На 01.12.2022г. се одржа предавање на тема Социјално претприемништво за млади од страна на Клуб за европски стандарди. Целта на предавањето беше да се подигне свеста за социјално претприемништво кај младите. На предавањето беа присутни ученици од трета година.

Учениците од СУГС ,,Димитар Влахов” од образовните профили: техничар за козметичка нега и убавина и графички уредник-дизајнер заедно со наставниците по стручни предмети Маргарита Димитровска, Елена Савевска и Горан Јордановски беа во посета во Комората на занаетчии и се запознаа со филигранскиот занает низ времето, како и со работилницата за изучување и запознавање на вештината на филигранството и македонскиот накит.
Спојот на графичкиот дизајн се надополнува со убавината, учениците ги видоа можностите за начинот на изработка на дизајн за изработка на филигран па се до крајниот резултат т.е готов изработен филигран.

На 02.12.2022 год. (петок) во кино "Фросина", МКЦ, под мотото "Инспирирај се за иднината" се одржа настанот "Славиме 30 години партнерство" помеѓу нашата држава и USAID North Macedonia. Нашите ученици учествуваа зад сцената во подготовките на моделите кои носеа креации изработени од учениците од СУГС "Кочо Рацин" за ревија "Рециклирана убавина".

На 04.12.2022 год. (недела) во Домот на занаетчии се одржа едукативен семинар за козметичари и дерматолози во организација на Katica Kitanovska од Janssen Cosmetics Makedonija за новитетите во оваа козметика. Беа презентирани неколку козметички третмани кои под менторство на организаторот ги изведоа нашите ученички Лоренса Сулејманова и Анастасија Ивановска од 4-1 и Михаела Димковска и Сара Нешовска од 3-4, образовен профил Техничар за козметичка нега и убавина.

Од 05.12 до 09.12.2022г. се спроведе Систематски преглед за сите вработени.

На 06.12.2022г. се одржа првата трибина во Град Скопје во соработка со Активот на стручни служби на средните училишта и Црвениот крст на Град Скопје. Целта на овие трибини е зголемување на свесноста на учениците и претставниците на стручните служби за темите ментално здравје и добросостојба, меѓуврсничко насилство, зајакнување на самодовербата кај младите и справување со стресот во училиште. На трибината беа присутни учениците Марија Христовска 1-3, Антонио Трајковски 1-6 и Марија Мицевска 3-1 и училишниот психолог Марика Станимировиќ.
Како дел од Проектот „Средношколците за почисто Скопје“, спроведен од Волонтерски Центар Скопје со поддршка на Град Скопје, активно учествуваше и нашето училиште. Беше објавен конкурс за креирање плакат меѓу сите 23 средни училишта во Скопје. Победничкиот постер ќе биде испечатен и рекламиран во еден од автобусите на ЈСП „Скопје“ што се обраќа на најфрекфентните средношколски линии.

Темата беше: Чиста средина и околина. Постерот содржи различни дизајнерски елементи. Учениците креираа и слоган кој ги промовира еколошките вредности. Беше изработен во дадените димензии од страна на организаторот.
Еко дизајнот од нашето училиште го креираа и изработуваа учениците од графичка струка, образовен профил: Графички уредник-дизајнер под менторство на наставниците Елена Савевска, Горан Јордановски и Сузана Илиевска.
За потребите на овој дизај се фотографираа и со тоа учество земаа 32 ученици.од сите струки.
Конкурсот го спроведува Волонтерски центар Скопје како дел од проектот „Средношколците за почисто Скопје“, со поддршка на „За почишта Македонија“, а финансиски поддржан Град Скопје.

Врз основа на наставните планови со зголемен број на часови по практично образование за Хемиско технолошка струка/сектор-Хемија и технологија со застапени образовни профили Прехранбен техничар и Техничар за заштита на животна средина е изработена наставна програма Учење преку работа кај работодавач.

За часовите предвидени за Учење преку работа кај работодавач учениците го посетија ТМФ-Технолошко-металуршки факултет со кој нашето училиште има потпишан Меморандум за соработка.

Посетата се реализираше на 12.12.2022 година под менторство на наставникот Слаѓана Јаневска и ученици од 1. до 4. година

Учениците ја посетија лабораторија за подготовка на минерални суровини. Беа запознати со апаратурата која ја поседуваат и начин на работа од дробење на материјалите, мелење во мелници и разделување на материјалите.

Согласно наставната програма по предметот Козметологија во 3 и 4-та година предвидени се вежби со учениците, а планирани се и посети на високо-образовни институции како што е Технолошко-металрушкиот факултет, со кој имаме склучено меморандум за соработка.

На 13.12.2022 и на 15.12.2022 година со учениците од 4 -1 клас и 3-4 клас (Техничар за козметичка нега и убавина) беше изведена посета на ТМФ, на институтот за органска хемија, на вежбите по органска хемија.

Учениците ги следеа и учествуваа при изработка на вежбите за дестилација со помош на водена пареа и екстракција на етерично масло – еугенол од каранфилче. На овој тие начин се вклучија директно во практична изведба на конкретни вежби, со што се здобија со едно убаво искуство и го согледаа во пракса она што го учеле на теоретските часови.

На 13.12.2022 година во СУГС “Георги Димитров” – Скопје се одржа работилница која беше наменета за средношколци од I-ва и II-ра година во средните училишта на Град Скопје, и на истата имавме наш претставник , ученикот Стефан Блажевски од II-1 клас, додека вебинарот беше наменет за професорите од средните училишта на Град Скопје.

Вебинарот се организираше во рамките на проектот “Камп за одржливост - Епизода бр 6: Вело млади ”, ко-финансиран од Град Скопје на 15.12.2022 на кој учествуваше професорот по Спорт и спортски активности Атанас Филиповски.

Вебинарот, како и работилницата за средношколци, имаа за цел да го промовираат велосипедизмот како брз, безбеден и еколошки превоз од дома до училиште, како и да поттикнат дискусија на тема вело инфраструктура и вело култура во градот.

На 21.12.2022 година во хотелот "Холидеј Ин" се одржа 90 годишен јубилеј на Комората на занаетчии. Нашите ученици и наставници уште еднаш докажаа и покажаа дека се успешни во својот занает. Со ревија од фризури и шминка присутните успеавме да ги вратиме во времето на Клеопатра, грчките божици, средновековната жена, жените во ренесансата и барокот, па се до денешната модерна жена.

На 01.2.2023г. се одржа втората трибина на тема: „Како да се намали врсничкото насилство кај младите" во Град Скопје во соработка со Активот на стручни служби на средните училишта и Црвениот крст на Град Скопје. На почеток на трибината се обрати Градоначалникот на Град Скопје Данела Арсовска. На тибината се зборуваше за „Како да се намали врсничкото насилство кај младите" психолог Гордана Блажевска Спиридонова. Потоа за „Врсничка поддршка и справување со меѓуврсничкото насилство" – Црвен Крст на Град Скопје, зборуваа психолозите Ивана Ѓорѓиева и Тијана Ивановска. Исто така стана збор и за „Состојби и бројки на меѓуврсничкото насилство – како и колку се застапени помалку поддржувачките односи меѓу младите и влијание на здрвјето кај младите" – наоди од студија спроведена во нашата земја" – Маја Цветановска – психолог и истражувач, (дел од тимот на ХЕСЦ студијата). Исто така говореше и Орце Јовановски – Самостоен инспектор за превенција на криминалитет, како и Владо Караев – тренер, НВО „Рубикон" кој зборуваше за Како да се спротивставиме на насилството и Како да се завземеме и грижиме за себе.

По завршувањето на трибината се очекува зголемување на свесноста на учениците и претставниците на стручните служби за важноста на менталното здравје, како да се надминат состојбите на анксиозност, депресија и да се поттикнат младите на здрав живот и добросостојба. На трибината присуствуваа психологот Марика Станимировиж и учениците Марија Христовска од 1-3 паралелка и Лина Китановска од 2-4.

На 07.3.2023г. Традиционално како и секоја година се одбележа на празникот на жената со вредните раце на нашите ученици. Учениците со своите наставници изведоа хуманитарни акции во Дневен центар на Црвен крст " Даре Џамбаз", дом за стари лица "Вита ве" и дом за стари лица "Вера". Разубавување, дружење, подарена честитка, подарено време, подарена насмевка, подарена љубов, зашто "Жената стои како капија на излезот и на влезот на овој свет" (Иво Андриќ)

На 9.3.2023г. учениците од нашето училчиште ос струката лични услуги покажаа професионалност на ниво. Бескрајно горди што заедно со Alfaparf Milano Professional беа дел од 26-иот Моден викенд кој под мотото "Јазикот на етиката и дизајнот" кој се одржа од 9 до 11 март во East Gate Mall.

На 9.3.2023г. учениците со предметниот наставник Марија Џолева по предметот Лични услуги и други сектори на квалификација со учениците од 1-5 паралелка, профил Техничар за козметичка нега и убавина присуствуваа во Центар за јавно здравје -Пролет на предавање на тема: „Санитарен преглед, санитарни прописи и важноста на хигиената"

На 9.3.2023г. ЈЗУ Центар за јавно здравје - Скопје во училиштето спроведе санитарно-хигиенски увид и земање примероци вода за пиење за лабораториска анализа. Целта е согледување на актуелната санитарно-хигиенска состојба во училиштата, предлагање и превземање мерки за зачувување и унапредување на здравјето.

На 15.3.2023г. се одржа ликовен конкурс на тема: „Одржлива потрошувачка и зелена енергија“. Целта на ликовниот конкурс е учениците преку ликовна творба да го изразат своето критичко размислување по однос на правата и обврските на потрошувачите со акцент на зачувување на животната околина, а со тоа и на планетата Земја.

По повод 15 март светскиот ден на потрошувачите БРО ги покани сите средношколци да земат учество во ликовниот конкурс на тема: ,,Одржлива потрошувачка и зелена енергија" со која што ги одбележуваме правата на потрошувачите во 2023 година под мотото: ,,Зајакнување на потрошувачите преку премин кон чиста енергија".

Максимален број на ликовни творби од секое училиште беа 3(три). Нашето училиште учествување со 3 ликовни творби изработени во различни комбинирани техники (темпера, пастел и акварел). На конкурсот зедоа учество учениците Елеонора Ацковска I-5 клас, Стефанија Конај II-4 и Матеа Илиевска II-4 клас со нивниот ментор Елена Савевска.

На 15.3.2023г. се одржа третата трибина за стручните служби и учениците од средните училишта на Град Скопје во соработка со Активот на стручни служби на средните училишта и Црвениот крст на Град Скопје на тема: „Поттикнување на самодовербата и резилиентноста кај младите“.На трибината присуствуваа психологот Марика Станимировиж и учениците Марија Христовска од 1-3 паралелка, Дарко трајковски од 2-1 и Давид Шишковски од 2-1 паралелка.

На 18.3.2023г. се одржа општунски натпревар по Англиски јазик на кој учествуаа учениците Антонио Трајковски и Филип Јосевски под менторство на наставникот Јованка Јосифова, каде што ученикот Антонио Трајковски освои трето место.

На 20.3.2023г. Класни раководители и наставници по хемија: Виолета Арсова и Јадранка Петровска со учениците Јован Арсов, Тамара Кијевска, Дарко Ордев, Верица Димовска, Ана Јаневска, Лоренса Сулејманова, Јована Ѓорѓиевска, Мартина Јовановиќ, Ангела Милановска, Емилија Спасовска, Бајрамша Шаин беа на Институтот за хемија при ПМФ, Универзитет,,Св.Кирил и Методиј″ Скопје, кој организираше ОТВОРЕНИ ДЕНОВИ, со цел популизацијата на хемијата и природните науки кај младите и идните студенти на хемија. Наствниците заедно со учениците присуствуваа во амфитеатарот на Институтот за хемија каде што имаа можност да гледаат и дел од учениците да учествуваат во правење на хемиски експерименти т.е хемиски спектали.

Раководителот на Институтот за хемија Проф.д-р.Наташа Ристовска,пред учениците ги презентираше студиските програми по применета хемија,аналитичка биохемија и наставна хемија,условите за студирање,компетенциите со кои ќе се стекнат,можноста за понатамошна едукација и вработувања.Учениците се запознаа со можностите за стипендирање,студентска пракса и студентскиот живот.

Учениците исто така учествуваа во он-лајн натпревар за знаења од хемијата.

На самиот крај, наставниците заедно со учениците беа во посета на научноистражувачките лаборатории и да присуствуваат на лабораториски вежби.

На 22.3.2023г. пред учениците од завршните години во просториите на училиштето Факултетот за безбедност – Скопје, одржа презентација.

На 24.3.2023 год. беше организирана посета на Собранието на РСМ. Во оваа активност учествуваа ученици од прва година, од класовите I-5,6,7,12 каде се изучува предметот граѓанско образование.

Организацијата на посетата беше од страна на Парламентарниот институт кој и во 2023 година продолжува со едукативната активност ,,Посета на Собранието‘‘. Со помош на обучени и стручни водичи детално го разгледавме и се запознавме со улогата и значењето на Собранието.

Целта е со обиколката, учениците да го утврдат своето знаење или да научат нешто ново од областа на правото, граѓанското образование, историја на македонскиот парламентаризам.

На 24.3.2023 год. учениците од дуалните паралелки, струка-хемија и технологија, образовен профил-прехранбен техничар и нивните класни раководители беа во посета на Пивара Скопје АД.

За време на посетата, учениците имаа можност да се запознаат со начинот и постапките на правење газирани сокови (Coca-Cola,Fanta и др.) во самиот производствен погон на Пивара Скопје АД и воедно да стекнат знаења од прехранбената индустрија, следењето на технолошкиот процес и анализа, контрола на квалитетот на самиот производ.

Дел од овие ученици ќе имаат можност својата феријалната пракса да ја обават во оваа компанија, со која СУГС „Димитар Влахов“ има склучено меморандум за соработка.

На 28.3.2023г. пред учениците од завршните години во просториите на нашето училиште „Факултетот за земјоделски науки и храна“ при Универзитет,,Св.Кирил и Методиј″ Скопје одржа презентација со што ги запознаа учениците за тоа што се изучува на овој факултет.

На ден 27.3.2023 во просториите на СУГС Димитар Влахов беше одржано предавање на тема „Говор на омраза“. Предавањето го одржа припадник на МВР, а на истото беа присутни ученици од прва и втора година (40 ученици).

На ден 31.3.2023г. во просториите на СУГС „Димитар Влахов“ Меѓународниот Славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“одржа презентација на факултетите што се застапени во Свети Николе и Битола пред учениците од завршните години.

Предметот "Учење преку работа" на учениците им овозможува да ги надградат своите знаења и вештини и да ги прошират своите видици во однос на практичната обука. Нашите ученички Емисија Спасовска и Катерина Милчевска од IV-1, профил Техничар за козметичка нега и убавина, учествуваа на интернационална обука за К екстензија на свилени трепки "Lux lashes" која беше одржана во Афродита-С Центар за убавина Афродита С Едукации од страна на лиценциран мајстор Јелена Рупар.

На 31.03. и на 1 и 2.4.2023г. три дена на сцената на Makedonska Opera i Balet - Macedonian Opera and Ballet беше изведена балетската претстава Петар Пан. Вкупно 112 балерини (по 56 во една претстава) во шест претстави (две генерални проби во четврток и по две изведби во петок и сабота) ја доловија магијата на прекрасната приказна за Петар Пан и неговата дружина, а за нивните фризури и шминка професионално се погрижија 15 наши вредни и успешни ученици заедно со наставниците по практична настава Кека Махмуди и Бети Савева. Благодарност за укажаната доверба до Тамара Ѓурчиновска, Ристо Самарџиев Ирена Лозинска ни беше голема чест да бидеме дел од овој прекрасен проект.

На ден 04.4.2023г. во Касарна „Илинден“ по повод на три годишнината на НАТО  присуствуваа учениците: Марија Мицевска, Ана Јаневска, Катерина Милчевска, Агон Зекири, Бесим Шерифи со наставникот Азем Фазлија.

На 06.4.2023г. факултетот за „Туризам и менаџмент“одржа презентација пред учениците од завршните години и ги запозна со се што е застапено на овој факултет.

На 06.4.2023г. се одржа регионална работилница на тема: „Идентификување на најбараните профили на професии од работодавачите како основа на развој на нови пост-средо образовни програми на VБ ниво од македонската рамка на квалификации“. На работилницата беа присутни наставниците по стручни предмети Билјана Јанкуловска и Валбона Кадриу.

Група од 30 ученици од паралелките 1-5,1-6,1-7.1-11,1-12 со наставниците Валентина Димитриевска, Славчо Марковски и Азем Фазлија беа во посета на Собрание на РСМ. Целта на посетата беше да се запознаат со улогата и значењето на Собранието на Република Северна Македонија. За време на посетрата се направи обиколка на внатрешноста на Собранието со помош на водич. Посетата се реализираше на 24.3.2023 со однапред закажана средба. Влезот беше организиран од страна на водич кој ги спроведе низ просториите на Собранието.

На 8.4.2023г. се одржа Регионален натпревар по Англиски јазик на кој учествуваше ученикот Антонио Трајковски под менторство на наставникот Јованка Јосифова и  освоија второ место.

На 11.4.2023г. Американскиот универзитет на Европа ФОН,Скопје,организираше обука за дислексија, со цел за рано откривање на дислекција кај младите и идните ученици и методи за работа со ученици со дислекција. Од нашето училиште беа присутни на обуката 17 наставници. Наствниците кои присуствуваа на оваа обука имаа можност да следат предавање од проф.д-р Љубица Кардалеска - Радојкова . ДИСЛЕКЦИЈАТА се опишува како комбинација од способности и тешкотии кои се однесуваат на процесот на учење во неколку област:читање,спелување, пишување и некогаш математика.Професорката ги запозна наставниците со вештините кои им недостасуваат на учениците со дислекција:брзината на процесирање, краткотрајната или работна меморија,смисолот за редослед,визуелноста и аудитивната перцепција,говорниот јазик и моторичките вештини. Дел од наставниците имаа можност да дискутираат на тема за дислекција кај ученици и да го пренесат нивното искуство.Беа презентирани начини и методи на учење кај ученици со дислекција и тоа дека дислексичарите размислуваат со слики а не врбално.

На ден 19.4.2023г. во просториите на СУГС „Димитар Влахов“ факултетот МИТодржа презентација пред учениците од завршните години.
На 24.4.2023г. пред учениците од завршните години во просториите на нашето училиште „Балканскиот универзитет“ Скопје одржа презентација со што ги запознаа учениците за тоа што се изучува на овој универзитет.
На 23.04.2023 година Фризерска Секција Скопје при Занаетчиска комора Скопје организираше натпревар " Креативноста на дело за идните фризери ".
Пријатна и работна атмосфера, натпреварувачки дух и многу освоени награди за нашите вредни и креативни ученици
I година, категорија Креативно обликување на коса
Љумтурие Мурат- 1 место
Алиџан Нуредин - 2 место
Сумеја Сејдиова - 5 место
II година, категорија Машко потстрижување
Мартин Каркиновски- 1 место
Сухејб Бајрами - 2 место
Марио Моневски - 4 место
Зекирија Ибраими - 5 место
II година, категорија Свечени фризури
Анастасија Јордановска - 2 место
Минавера Дурак - 3 место
Викторија Спасовска - 4 место
III година, категорија Машко потстрижување
Љутфи Османи - 1 место
Тунај Фазли - 2 место
Фатљум Џони - 3 место
Фуат Ибраими - 4 место
Теодор Потиров - 5 место
III година, категорија Креативна фризура
Сулајла Османи - 1 место
Амра Куртиши и Исма Кока - 3 место
Нада Ајризова - 4 место
Алтна Амед - 5 место
За шминката на моделите се погрижија ученичките од I-5 клас, Техничар за козметичка нега и убавина.

Соработката на нашето училиште со факултетите продолжува. Учениците од 1-5, 2-4, 3-4 и 4-1 клас, струка Лични услуги, квалификација Техничар за козметичка нега и убавина, на 27.4.2023г. беа на посета на Факултетот за фармација, со своите предметни наставници Атанасовски Сања, Величковска Јулија и Јовановски Филип. Благодарност за беспрекорниот прием и организација на проф. д-р Марија Главаш Додов и нејзините асистенти Љубица и Душко за реализација на вежбите во лабораторијата за Фармацевтска технологија. На големо задоволство на учениците тие имаа можност сами да изработат повеќе козметички производи, гелови за раце и коса, креми и млека за лице, паста за заби и лабело.

На 24.4.2023г. Институтот за хемија при ПМФ, Универзитет,,Св.Кирил и Методиј" Скопје, организираше ОТВОРЕНИ ДЕНОВИ, со цел популизацијата на хемијата и природните науки кај младите и идните студенти на хемија. Класни раководители и наставници по хемија:Виолета Арсова и Слаѓана Јаневска со

ученици од од I-7,II-7,III-6,IV-2 Бранислав Андрејевиќ, Марио Илиев, Ангел Станковски, Давид Филиповски, Ирхад Шаховиќ, Џениса Хот, Неџмије Бејтуловска, Валтон Шабановски, Катерина Симјановска присуствуваа на Институтот за хемија. Проф.д-р.Наташа Ристовска, пред учениците ги презентираше студиските програми по применета хемија, аналитичка биохемија и наставна хемија, условите за студирање ,компетенциите со кои ќе се стекнат, можноста за понатамошна едукација и вработувања. Учениците се запознаа со можностите за стипендирање, студентска пракса и студентскиот живот.

Учениците исто така учествуваа на он-лајн натпревар за знаења од хемијата.

На овој натпревар нашата ученичка Џениса Хот освои прво место за кое и честиташе и раководителот на институтот за хемија Проф.д-р.Наташа Ристовска.

Наставниците заедно со учениците беа во посета на научноистражувачките лаборатории и присуствуваа на лабораториски вежби.

На самиот крај, сите ученици и наставници присуствуваа во амфитеатарот на Институтот за хемија каде што имаа можност да гледаат и дел од учениците да учествуваат во правење на хемиски експерименти т.е хемиски спектали.

На 24 и 25.4.2023г. се одржа Работилница „Искуствено учење за повторна употреба и пренамена на био-отпад во биотехнолошка лабораторија за наставниците во средни стручни училишта" во СУГС „Марија Кири Склодовска“, Скопје.

Целта на проектот е да ги зајакне вештините на наставниците од средните училишта за поуспешна интеграција на содржини за пренамена на био-отпад во биотехнолошка лабораторија. Во фокус на програмата е изработка на Прирачник за наставници којшто ќе содржи сценарија за часови со експерименти за пренамена на био-отпад, кој материјал ќе биде целосно поддржан со видео запис, како и спроведување на Работилница „Био-технологија во мојот свет-Програма за искуствено учење " со ученици од средните стручни училишта од 7 региони со помош на мобилна Биотехнолошка лабараторија. На работилницата беа присутни наставниците Билјана Јанкуловска и Валбона Кадриу.

На 27.4.2023г. македонскиот бренд Ajnas Cosmetic-Gelovi za nokti овозможија едукативна презентација од страна на едукаторката Сања Асани Варсаќевска. 27 ученички учествуваа на презентацијата во која се запознаа со современите техники на салонска изработка на нокти кои ги нуди брендот Ајнас. Ученичките стекнаа основни познавања за:

- ✔воочување на разликите помеѓу класичен, апаратен и комбиниран маникир;
- ✔практична примена на стандардна гел лак техника;
- ✔градивна гел лак техника со “Rubber Base” и “Fiber Base” производите;
- ✔правење разлика помеѓу еднофазен и трофазен гел систем;
- ✔начини на поставување на шаблони за наливни нокти;
- ✔апликација на гелови со различна вискозност;
- ✔изработување на форма коцка со цртање на француски маникир,
- ✔бадем форма со “Baby Boom” ефект;
- ✔правилно фотографирање на изработки.

На 05 и 06 мај 2023 година Младинската Организација на Средни стручни училишта во Македонија и оваа година го организираше Образовното Рандеву, манифестација за која цела година учениците се подготвуваат со своите наставници-ментори за да освојат што поголем успех секој во својата избрана категорија.

Градот Гостивар оваа година беше домаќин на овој настан. Смеа, дружење и секако натпреварувачки дух беше присутен. Нашите ученици во категоријата НАЈДОБАР ШТАНД под менторство на наставниците Маргарита Димитровска, Елизабета Савева, Ферихан Махмуд, Јулија Величковска, Билјана Јанкуловска, Филип Јовановски и Горан Јордановски го освоија 3-тото место. Нашето училиште учествуваше и во категориите: најдобра фотографија, најдобар постер, јавно говорење, интервју за работа, маркетинг план, поетска творба, најдобар пинг-понгар и кариерно портфолио. Нашето училиште освои 3-то место во категоријата најдобар штанд.

На 6.5.2023г. се одржа Државен натпревар по Англиски јазик на кој учествуаше ученикот Антонио Трајковски под менторство на наставникот Јованка Јосифова.

На 07.5.2023г. во Градски парк, Школка, нашите ученици активно се вклучија на настанот Играме заедно пак каде што учениците од струката Лични услуги, образовен профил фризер доследно го афирмираа средното стручно образование.

На ден 07.05.2023г. по седми пат се трчаше по улиците на Град Скопје. Учествуваа околу 1500 натпреварувачи. Покрај натпреварувачите, тука беа и волонтерите на СУГС,, Димитар Влахов" кои помогнаа во организација на оваа манифестација.

Волонтерите беа на висина на поставената задача под менторство на наставникот Мирјана Крстевска.

На 09.5.2023г. во СУГС„Владо Тасевски“ се одржа трибина со матуранти од трите средни училишта СУГС „Димитар Влахов“, СУГС „Марија Кири Склодовска“ и СУГС„Владо Тасевски“. Трибината беше организирана од страна на СВР Скопје,Одделение за превенција. На трибината се дискутираше за однесувањето на матурантите за време на матурските вечери, при што се стави акцент на користење алкохол, психотропни супстанции и возење под дејство на алкохол.

На 10.5.2023г. учениците од I година заедно со нивните предметни наставници Дарко Николовски и Јованка Јосифова го посетија Саемот на книга и имаа можност да се запознаат со понудите на издавачките книги.

Голема чест беше да се биде дел од првиот Саем за козметика, нега на коса и естетика BeautyExpo Skopje - Саем за козметика кој се одржа во хотел Лимак од 12-14 мај 2023 година. Нашиот штанд беше 6Б кадешто учениците презентираа неколку предлози за комплетен матурски стајлинг со фризура, нокти и шминка.

На ден 12.5.2023 година во дворот на СУГС „Димитар Влахов“ се одржа проектот Генералка викенд на кој земаа учество триесетина деца од прва и втора година.

Учениците беа поделени во групи и на тој начин го селектираа отпадот. Во посебни контејнери беа собрани лименки, хартија и пластика.

На овој начин се подигна свеста кај учениците да не фрлаат ѓубре надвор од кантите и истото да го селектираат.

Овој проект го организираше Мен енд Маунтен, Пивара Скопје, Пакомак и силна поддршка од Нула отпад, Шпаркасе банка и Министерството за земјоделство.

Првиот Саем за козметика, коса и естетика во Македонија се одржа од 12-14 мај 2023 година. Ние како училиште земавме учество во подготовка на шминка и фризура на моделите од модното студио Crnokrak Crnokrak за ревијата на Ador Gold

Голема благодарност до организаторите BeautyExpo Skopje - Саем за козметика што ни овозможија наш штанд кадешто презентиравме комплетен матурски стајлинг и голема благодарност до изложувачите Skola za ubavina ART Ollea Care - Makedonija Ajnas Cosmetic-Gelovi za nokti Afrodita Cosmetics Macedonia Alfaparf Milano Professional Clarissa Balkan Logistik Elloxy Beauty Med Consult Revuar Make Up & Santini Perfumes - Spasic-Grup Macedonia кои ангажираа наши ученици на нивните штандови и им дадоа можност да бидат дел од оваа магична атмосфера.

На 13.5.2023г. во ССОУ,,Коле Неделковски" Велес се одржа 59-от Државен натпревар на младите истражувачи од Република Северна Македонија- НАУКА НА МЛАДИ носител на активноста беше Народна техника на Македонија и Наука на млади во соработка и подршка со МОН на Р.С.Македонија.Оваа манифестација е традиционална преку која учениците од средното образование во Р.С.Македонија имаат можност да презентираат научно-истражувачки резултати од областа на применети природни и технички науки:биологија,физика,хемија,фармација,обновливи извори на енергија и др. Нашето училиште учествуваше на овој натпревар и тоа:

Применета органска хемија,ментор-наставник по хемија Виолета Арсова со натпреварувач-Џениса Хот од II год. и фармација,ментор-наставникот по стручни предмети Филип Јовановски со натпреварувач-Ана Јаневска од IV год. По свеченото отварање на натпреварот во 9.30 часот,натпреварувачите со Оценувачката комисија составена од универзитетски професори во соодветните училници ги презентираа своите теми. Нашата ученичка Џенса Хот успеа во одреденото време од 15мин. да ја презентира темата - Добивање на сапуни од природни суровини и изведување на експериментот, при што доби 4 видови на сапуни со различни својства и дејство. На наше големо задоволство ученичката Џениса Хот го освои III-то место и воедно и беше доделена диплома и медал за освоеното место.

На ден 16 и 17.5.2023 година се одржа работилница ,, Искуствено учење за повторна употреба и пренамена на биоотпад во биотехнолошка лабораторија за наставниците во средни училишта''во лабораторијата на СУГС,,Марија Кири Склодовска'', Скопје. На работилницата беа присутни ученици од 1-7, 2-4 и 2-7 паралелка со одговорниот наставник Слаѓана Јаневска. Целта на работилницата беше да се запознаат учениците со:

-програми за претприемничко образование и финансиска едукација

-запознавање со биотехничка лабораторија

-стекнување навики за реупотреба на биоотпад

На 17ти мај во гимназијата „Зеф Љуш Марку" се одржа работилница за стручни соработници за подобрување на безбедноста, менталното здравје и добросостојбата на учениците. Целта на работилницата беше да се формира усогласен одговор низ училиштата по повод кризата од трауматскиот настан во Србија.

Овој усогласен одговор треба да помогне да се намали општата вознемиреност, преку информирање базирано на факти, сознанија и стручни толкувања. Понатаму преку овој усогласен одговор ќе се придонесеме за намалување на стравот и несигурноста, како и враќање на чувството на безбедност, на самодовербата и довербата во заедницата/ деца, возрасни, како и во системите на заштита. На работилницата присуствуваше психологот на училиштето Марика Станимировиќ.

На 18.5.2023г. на покана на Занаетчиска комора Скопје се одржа Промоција на занаетите, да се допре до деветоодделенците и да го направат вистинскиот избор при упис во средно образование. Промоцијата беше во ОУ Блаже Конески.

На ден 19.05.2023г. точно на пладне, во 12 часот, на Плоштадот ,,Македонија" се одржа манифестацијата ,,Матурска парада". На парадата учествуваа ученици од сите средни училишта во Скопје, меѓу кои и нашето СУГС „Димитар Влахов“

Како составен дел на оваа манифестација беше кажувањето на изјавата,, Заклетва за ненасилство од страна на учениците“. На тој начин беше испратена пораката за ненасилство, мир и толеранција.

На 23.5.2023г. се реализираше еднодневна екскурзија од спортско-рекреативен карактер. Учениците на СУГС "Димитар Влахов" пешачеа по падините на Водно. На планинарскиот излет присуствуваа учениците од I, II и III година со нивните класни раководители и предметни наставници. Овој излет беше организиран од страна на Активот по спорт и спортски активности.

Здружението за заштита и унапредување на животната средина ,,Еко – Логик” Скопје и СОУ ,,Орде Чопела” Прилеп одржаа Националната работилница за Еразмус+Проектот Innovative learning approach of circular chemistry in high school (Circle Lab), која се одржа на 30ти мај 2023 (вторник) од 12 до 16 часот во Europe House Skopje.Проектот ‹Innovative learning approach for circular chemistry in secondaryeducation -Circle Lab› е партнерство на средни училишта, организации и истражувачки институции од 5 држави: Македонија, Шведска, Италија, Литва-нија и Шпанија. Проектот е финансиран преку Еразмус+ програмата и има за цел да го поддржи професионалниот развој на професорите преку при-мена на практични и иновативни алатки во насока на промоција на цирку-ларна хемија во средните училишта. Во рамки на Националната работилница беа презентирани и тестирани дидактичките материјали, едукативна игра и видеото кои се поставени на онлајн платформа која ќе биде достапна за сите заинтересирани страни. На работилницата беа присутни наставниците Билјана Јанкуловска и Валнона Кадриу.

На ден 31.5. 2023 година беше изведена екскурзија поврзана со теми и содржини од наставните програми. Посетата беше реализирана од тим и одговорни наставници: Валентина Димитриевска, Славчо Марковски, Азем Фазлија, Нухи Зејнулаху, Елена Савевска, Марија Џолева, Слаѓана Јаневска, Јованка Јосифова. Со одобрение од БРО и МОН училиштето ја реализираше планираната научна екскурзија. Во екскурзијата беа вклучени ученици од прва и втора година.

Учениците ги посетија Музејот на Мајка Тереза во 9:30., а во 10:30 ЈУ Музеј на Град Скопје, каде што имаа можност да се запознаат со животот и делото на Мајка Тереза.

Особено голема благодарност за туристичкиот водич во Музеј на Град Скопје, Михаљ Билбија, кој им ги објаснил археолошките поставки во музејот од периодот на праисторијата и остатоците од Старата железничка станица, разрушена во силниот земјотрес во 1963 год. Беа присутни 50 ученици.

На 06.6.2023г. во просториите на училиштето се одржа работилница за здрави животни навики во организација на Здружението на Лекари специјализанти – ЗЛС од Скопје во рамки на Еразмус + проектот "Обединети за здравје", поддржан од Европската Унија, кој има за цел позитивно да влијае врз младите да водат здрав начин на живот.

На 8.6.2023г. се одржа традиционалната манифестација „Средба на првиот со најдобрите„ каде што Градоначалникот на Град Скопје Данела Арсовска, на првенците на генерацијата од скопските средни училишта им врачи специјални признанија и награди. Првенци за 2019-2023 генерација за нашето училиште беа ученичките Ана Гоце Јаневска за 4 степен и Марија Бобан Мицевска за 3 степен.

### 3.4. Извештај за успехот и редовноста на учениците

Во текот на учебната година редовно се вршеше проверка и оценување на постигањата на учениците.

За вреднување на трудот на учениците беа применети сите типови на проверка на знаењата: писмена проверка (преку изработка на писмени работи, тестови на знаење, контролни задачи, работни листови.) усмено проверување и комбинирано. Успехот на учениците беше следен и од страна на директорот, стручниот соработник и пом.директор преку непосредни увиди на наставни часови.

Следењето на постигањата во реализацијата на програмите, анализата на резултатите по одделни предмети во одделните паралелки, постигнувањата на секој ученик поединечно, како и осознавањето на состојбите значајни за квалитетна реализација на наставните курикулуми се вршеше на состаноците на советите на паралелките. Овие совети се одржаа на редовните 4 класификациони периоди, кога се вршеше разгледување и анализирање на успехот, редовноста и дисциплината на учениците, а воедно и се предлагаат мерки за развој и унапредување на наставниот процес во функција на подобрување на успехот и поведението. По потреба се одржуваа и вонредни состаноци на Советите на паралелката за тековни работи.

Во учебната 2022/23 год. на почеток запишани 536, останале 520 ученика од кои 272 машки и 248 женски, од нив 17 ученика заминале вонредно, 13 ученика заминале во др. училиште, дошле 6 нови. Вкупен број на ученици за прво тримесечје 510 од нив 262 машки 248 женски распоредени во 40 паралелки од кои 23 паралелка на македонски наставен јазик, 14 паралелки на албански наставен јазик и 3 паралелки на турски наставен јазик.

Со **позитивен успех** 285 ученика, со **една слаба оцена** 103, со **две слаби оцени** 51**, со три и повеќе** 80 ученика , **неоценети** 11. Среден успех по години прва **–** 2.67, втора – 2.71 трета – 2.98 и четврта – 3.22**.**

**На** ниво **на училиште среден успех** 2.90.

Направени се вкупно 11195 изостаноци на ниво на училиште од кои 8618 оправдани и 2577 неоправдани изостаноци што кореспондира со успехот во првото тримесечје, или по ученик на ниво на училиште 21 изостаноци.

## Извештај за прво полугодие 2022/2023г.

Во учебната 2022/2023г. на почеток се запишани 536 ученика во 40 паралелки од кои 23 паралелка на македонски наставен јазик, 14 паралелки на албански наставен јазик и 3 паралелки на турски наставен јазик. Вкупен број на ученици за прво полугодие 486 од нив 244 машки 242 женски.

Во **прва година** во прво полугодие има вкупно 164 ученици во 12 паралелки и тоа 7 паралеки на македонски наставен јазик од кои 4 паралелки во струката Лични услуги, 3 паралеки образовен профил Фризер, 1 паралелка образовен профил Естетичар за нега на раце и нозе, 1 паралелка образовен профил Техничар за козметичка нега и убавина, во Хемиско – технолошка струка 1 паралелка образовен профил Прехранбен техничар и Графичка струка 1 паралелка Графички уредник – дизајнер. На албански јазик во струката Лични услуги 3 паралелки, 1 паралелка образовен профил фризер, 1 паралелка образовен профил Естетичар за нега на раце и нозе, 1 паралелка образовен профил Техничар за козметичка нега и убавина, во Хемиско – технолошка струка 1 паралелка образовен профил Прехранбен техничар/техничар за заштита на животната средина. На турски наставен јазик 1 паралелка во струката Лични услуги, образовен профил фризер.

Во **втора година** во прво полугодие има вкупно 164 ученика во 12 паралелки, 7 на македонски наставен јазик и тоа во струката Лични услуги 4 паралелки од кои 2 паралелки образовен профил Фризер, 1 паралелка образовен профил Естетичар за нега на раце и нозе и 1 паралелка образовен профил Техничар за козметичка нега и убавина. Во хемиско – технолошката струка 2 паралелки образовен профил Прехранбен техничар и месопреработувач, Графичка струка 1 паралелка Графички уредник-дизајнер. На албански наставен јазик 4 паралелки од кои 3 паралелки во струката Лични услуги 1 паралелка образовен профил Фризер и 1 паралелка образовен профил Естетичар за нега на раце и нозе, 1 паралелка Техничар за козметичка нега и убавина и 1 паралелка Прехранбен техничар. На турски наставен јазик 1 паралелка во струката Лични услуги, образовен профил фризер.

Во **трета година** во прво полугодие има вкупно 109 ученика во 11 паралелки, од кои 6 паралелки на македонски наставен јазик. Во струката Лични услуги 4 паралелки од кои 2 паралелки образовен профил фризер, 1 паралелка образовен профил Естетичар за нега на раце и нозе и 1 паралелка образовен профил Техничар за козметичка нега и убавина.

Во хемиско-технолошка струка 1 паралелка образовен профил Прехранбен техничар и Графичка струка 1 паралелка Графички уредник-дизајнер. На албански наставен јазик има 4 паралелки во струката Лични услуги, 1 паралелка образовен профил фризер, 1 паралелка образовен профил Естетичар за нега на раце и нозе и 1 паралелка Техничар за козметичка нега и убавина и во хемиско-технолошка струка 1 паралелка Прехранбен техничар. На турски наставен јазик 1 паралелка во струката Лични услуги, образовен профил фризер.

Во **четврта година** во прво полугодие има вкупно 49 ученика во 5 паралелки од кои 3 на македонски наставен јазик и тоа 1 паралелка во струката Лични услуги, образовен профил Техничар за козметичка нега и убавина, 1 паралелка во хемиско-технолошка струка, образовен профил Прехранбен техничар/техничар за заштита на животната средина и Графичка струка – Графички уредник - дизајнер. На албански наставен јазик 2 паралелки во струката Лични услуги, образовен профил Техничар за козметичка нега и убавина и во хемиско-технолошка струка, образовен профил Прехранбен техничар.

Вкупен број на ученици кои останале во прво полугодие **486** од нив **244** машки, **242** женски. Со **позитивен успех вкупно** 381 ученика, 60 со **една слаба оцена**, 24 со **две слаби оцени,** 39 **со три и повеќе** ученика, 3 ученика неоценети. Направени се вкупно 17733 изостаноци од кои 15191 оправдани и 2542 неоправдани изостаноци од кои 5930 во прва година, 5462 во втора година, 4329 во трета година и 2012 во четврта година што не кореспондира со успехот во првото полугодие. Просек по ученик 35 изостаноци.

Согледувањата се дека резултатите се слаби, треба да се организира дополнителна настава поради негативни оцени. Следење на редовноста на учениците од паралелките од кои најмногу се отсуствува. Тимски, стручната служба, класните раководители и родителите ќе работат на откривање на причините за слабиот успех на учениците и за изостанување од наставата и воспитно ќе се влијае на учениците со најголем број на изостаноци.

****Како прилози се дадени табелите за успехот на учениците по години и наставен јазик.***

**Најдобри клаови по години**

- **Прва година:** 1-6 просек 3,76
- **Втора година:** II-4 просек 3,63
- **Трета година:** III-5 просек 4,14
- **Четврта година:** IV-2 просек 4,07

***Најдобар клас на полугодие по успех  III-5** просек **4,14***

**Успех по струки**

## Прва година:

1. Лични услуги на Македонски јазик – 2.95
2. Графичка – 3.38
3. Хемиско-технолошка  Мак – 2.99
4. Лични услуги на Албански јазик – 2.63
5. Лични услуги на Турски јазик – 3.06
6. Хемиско-технолошка  Алб – 2.50

## Втора година:

1. Лични услуги на Македонски јазик – 3.02
2. Графичка – 4.15
3. Хемиско-технолошка Мак – 2.91
4. Лични услуги на Албански јазик – 2.72
5. Лични услуги на Турски јазик – 2.68
6. Хемиско-технолошка  Алб – 2.47

## Трета година:

1. Лични услуги на Македонски јазик  3.53
2. Графичка струка – 4.27
3. Хемиско-технолошка – 3.11
4. Лични услуги на Албански јазик – 2.90
5. Лични услуги на Турски јазик –3.60
6. Хемиско-технолошка  Алб – 2.74

## Четврта година:

1. Лични услуги на Македонски јазик – 3.90
2. Хемиско - технолошка – 3.70
3. Лични услуги на Албански јазик – 3.24
4. Графичка  **4.07**
5. Хемиско-технолошка  Алб – 3.23

**Среден успех по години**

1. **Прва година** – 2.88
2. **Втора година** – 2.95
3. **Трета година** – 3.21
4. **Четврта година** – 3.39

***СРЕДЕН УСПЕХ НА УЧИЛИШТЕТО  3,10***

**На ниво на училиште во однос на поведението има:**

- **391 ученика со примерно поведение**
- **65 ученика со добро поведение**
- **30 ученика со незадоволително поведение**

## Извештај за крај на наставната година

Во учебната 2022/23 год. на почеток беа запишани 520 ученика од кои 272 машки и 248 женски, Вкупен број на ученици кои останале на крај на година 453 од нив 222 машки, 231 женски. Со позитивен успех 416 ученика, со една слаба оцена 17 машки 2 женски или вкупно 19 ученика, со две слаби оцени 1 машко, 1 ученик на испит на година по сите предмети. На ниво на училиште има **85** одлични, **119** многу добри, **168** добри и **42** доволни ученици. Направени се вкупно **34785** изостаноци од кои **31541** оправдани и **3244** неоправдани изостаноци што кореспондира со успехот на ниво на училиште **3.59**. Просек по ученик **77** изостаноци. Во 1 година има вкупно **14701** изостаноци 99 по ученик, 2 година има вкупно **9785** изостанока 67 по ученик, 3 година има вкупно **7941** изостанока 73 по ученик и 4 година има **2358** изостанока или 48 по ученик. Според успехот најдобри класови по години се:

**Најдобри класови по години**

- **Прва година: I-6** просек 4.27
- **Втора година: II-5** просек 4,22
- **Трета година: III-5** просек 4,77
- **Четврта година: IV-2** просек 4,53

**Среден успех по години**

- **Прва година – 3.34**
- **Втора година – 3.73**
- **Трета година – 3.44**
- **Четврта година – 3.84**

***СРЕДЕН УСПЕХ НА УЧИЛИШТЕТО 3.59***

**На ниво на училиште во однос на поведението има:**

- **328 ученика со примерно поведение**
- **93 ученика со добро поведение**
- **32 ученик со незадоволително поведение**

### 3.5. Извештај за државна матура и завршен испит

Во учебната 2022/23 година се реализираше полагање на Државна матура и завршен испит на четиригодишно образование и завршен испит за тригодишното образование.

Завршен испит на четиригодишно обраование и завршен испит за тригодишното образование и се постигнаа следниве резултатити:

- **Јунски испитен** рок 2023 година државна матура
    - на македонски наставен јазик: пријавени 14, положиле 9
    - на албански наставен јазик: пријавени 15, положиле 12
- **Јунски испитен** рок 2023 година завршен испит за четиригодишно образование
    - на македонски наставен јазик: пријавени 18 , положиле 17
    - на албански наставен јазик: пријавени 2, положиле 2
- **Јунски испитен** рок 2023 година завршен испит за тиригодишно образование
    - на македонски наставен јазик: пријавени 36, положиле 33
    - на албански наставен јазик: пријавени 30, положиле 24
    - на турски наставен јазик: пријавени 4, положиле 4
- **Августовски испитен рок** 2023 година државна матура
    - на македонски наставен јазик: пријавени 5 , положиле 1
    - на албански наставен јазик: пријавени 2 , положиле 0
- **Августовски испитен** рок 2023 година завршен испит за четиригодишно образование
    - на македонски наставен јазик: пријавени 1 , положиле 1
    - на албански наставен јазик: пријавени 2 , положиле 2
- **Августовски испитен** рок 2023 година завршен испит за тиригодишно образование
    - на македонски наставен јазик: пријавени 3, положиле 1
    - на албански наставен јазик: пријавени 6, положиле 5
    - на турски наставен јазик: пријавени 0, положиле 0

## 4.Реализација на наставата

Во текот на учебна 2022/23 година наставата се изведуваше редовно по сите предмети предвидени со наставните планови согласно насоките од МОН.

Наставните содржини предвидени за учебната 2022/2023 година во целост се реализирани од страна на сите наставници од активите.

При реализација на наставата користени се: фронтална и групна форма на работа – при подучување на група ученици, индивидуална форма – при самостојна работа на ученикот, кооперативна форма – при работа во парови и групна форма на работа, а од методите на работа користени се: монолошки, дијалошки, метод на демонстрација, текст метод, учење преку проект, метод на истражување, дискусија, презентација, метод на писмена работа и метод на работа со компјутерска технологија. Најчесто користени техники се: сложувалка, коцка, реципрочно испрашување на учениците, табела на поими, грозд, вртелешка, концепциски мапи; што знам, што сакам да научам, што научив и други. Реализирана е дополнителната и додатната настава предвидена во ова учебна година од страна на сите наставници од активите. Реализирани се и вонредните испити согласно испитните сесии. Поправни испити, испити на година се реализирани согласно календарот за работа за тековната учебна година. Направени се и реализирани се годишните и тематские планирања од страна на сите наставници од активите.

***Табела бр.2 Наставни предмети по години***

| **Предмет** | **Година на изучување** |
|---|---|
| Македонски јазик и литература | во 1 - 4 година |
| Македонски јазик и литература за учениците од другите заедници | во 1 - 4 година |
| Албански јазик и литература | во 1 - 4 година |
| Турски јазик и литература | во 1 - 3 година |
| Англиски јазик | во 1 - 4 година |
| Историја | во 1 – 2 година |
| Музичка култура | во 1 година |
| Ликовна уметност | во 1 година |
| Граѓанско образование | во 1 година |
| Спорт и спортски активности | во 1 - 4 година |
| Математика | во 1 - 4 година |
| Биологија | во 1 – 2 година |
| Хемија | во 1 – 2 година |
| Физика | во 1 – 3 година |
| Информатика | во 1 – 2 година |
| Лични услуги и други сектори на квалификација | во 1 година |
| Материјали во козметиката | во 1 година |
| Иновации и претприемништво | во 2 година |
| Козметика | во 1 година |
| Естетика | во 2 – 3 година |
| Козметологија | во 2 – 4 година |
| Шминкање | во 2 година |
| Третмани во нега на раце и нозе | во 2 година |
| Анатомија и физиологија | во 3 година |

| | |
|---|---|
| Дерматологија | во 3 година |
| Третмани во нега на лице и тело | во 3 – 4 година |
| Учење преку работа кај работодавач | во 2 – 4 година |
| Основи на здравството | во 1 – 2 година |
| Фризерство | во 1 - 3 година |
| Материјали во фризерството | во 1 - 3 година |
| Претприемништво | во 3 година |
| Практична настава | во 1 - 3 година |
| Естетска нега на рацете и нозете | во 1 - 3 година |
| Познавање на материјалите | во 1 - 3 година |
| Суровини, производи и амбалажа | во 1 година |
| Производно техничко образование | во 1 година |
| Операции и процеси | во 2 година |
| Аналитичка хемија | во 2 година |
| Инструментални анализи | во 3 година |
| Микробиологија на храна со санитација | во 2 година |
| Биохемија | во 3 година |
| Технологија на храна од растително потекло | во 2 – 3 година |
| Технологија на храна од животинско потекло | во 4 година |
| Хигиена на храната | во 4 година |
| Храна и исхрана | во 4 година |
| Анализа на храна | во 4 година |
| Контрола на производни процеси | во 3 година |
| Испитување на почва, вода и воздух | во 4 година |
| Обновливи извори на енергија | во 4 година |
| Управување со отпад | во 4 година |
| Климатски промени | во 4 година |
| Процесна техника | во 2 година |
| Микробиологија на храна | во 2 година |
| Технологија на месо и месни производи | во 2 година |
| Основи на графичарство и сродни сектори | во 1 година |
| Основи на графички дизајн | во 1 година |
| Графички материјали | во 1 година |
| Средства за графички дизајн | во 2 година |
| Форми на графички дизајн | во 3 година |
| Дизајн процес | во 4 година |
| Типографија | во 2 година |
| Техничко уредување на публикации | во 2 – 3 година |
| Фотографија | во 2 година |
| Векторска и растерска графика | во 3 – 4 година |
| Графичка монтажа | во 3 година |
| Печатарски форми | во 4 година |
| Пробен печат | во 4 година |
| **изборни предмети** | |
| Биокозметика | во 3 – 4 година |
| Велнес и спа третмани | во 3 – 4 година |

| | |
|---|---|
| Трајна шминка | во 3 година |
| Специјална шминка | во 4 година |
| Математика | во 3 – 4 година |
| Биологија | во 3 година |
| Хемија | во 3 – 4 година |
| Физика | во 3 – 4 година |
| Адитиви, зачини и напивки | во 3 година |
| Масти, масла и производи од животинско потекло | во 4 година |
| Подготовка и третирање на прехранбени производи | во 3 година |
| Диететика | во 4 година |
| Организациско однесување | во 3 година |
| Бизнис и претприемништво | во 4 година |
| Информатика | во 3 година |
| Алкалоиди и дроги | во 4 година |
| Алтернативни извори на енергија | во 4 година |
| Клиничка хемија | во 4 година |
| Визуелен идентитет | во 3 година |
| Графички стандарди | во 4 година |
| Дигитален печат | во 3 – 4 година |
| Конструкција на словни знаци | во 3 година |
| Дигитализација на словни знаци | во 4 година |

**ИКТ во наставата**

Во учебната 2022/23 година се продолжи со имплементирање на КТ во наставниот процес со цел да се збогатат знаењата на учениците и да се поттикнуваат нивните креативни потенцијали како една од базичните цели во воспитно-образовниот процес.

Во согласност со насоките од реформите во образовните планови и програми оваа учебна година 20% од наставните часови беа подржани со ИКТ. За таа цел се организираа интерни советувања и дисеминација на обуките за примена на компјутерски методи и техники во образованието. Часовите кои бараат примена на овие техники се организираа според распоред во одредени кабинети и беа посетени од страна на Државниот просветен инспекторат, директор и психолог. Користени програми, линкови и методи и техники:

| **Програми** | **Линкови** | **Методи и техники** |
|---|---|---|
| Open Office Impress | you tube | Power Point |
| Power Point | Colorado | Web Quest |
| Corel | Sccholl.mk | Asocijacija |
| Exsel | Phet | Kompjuterska prosetka niz galerija |
| Word | | |

Во учебната 2022/2023 година посебен акцент  се стави на креирање и заживување на заедничка работа за размена на информации и материјали кои им се потребни на наставниците за успешно реализирање на воспитно-образовниот процес.

**Додатна и дополнителна настава**

Дополнителната настава  се организираше во текот на целата учебна година со цел да се совладаат наставните содржини кои од одредени причини учениците не успеале да ги научат. Овој тип настава подразбира индивидуален пристап во работата со учениците, но и начин за подобрување на успехот на предметниот наставник. Индивидуалниот пристап имаше  силна мотивациска улога во интегрирање на учениците кои не покажале успех во редовната настава.

Оваа настава  ја реализираа предметните наставници со претходно изготвените планови за распоредот на работните обврски и според програмата за дополнителна настава.

Додатната настава се планира и реализира со учениците кои покажуваат особено изразен интерес за одредени наставни содржини. Цел на овој тип настава беше да се обезбеди систематска работа со надарените ученици. Оваа настава се организираше во зависност од потребите и желбите кои се појавуваат кај определен број на ученици. Наставата служи за стекнување на повисок степен на знаења од одреден наставен предмет, група предмети или области.

Реализирани проекти според интересот на учениците и програмите за работа кои се составен дел на училишната Годишна програма.

**5.Воннаставни активности реализирани во учебната година**

Целта на овие активности беше да се влијае на учениците кон создавање навики за правилно осмислување и насочување на слободното време, односно учениците да се социјализираат преку дружење и соработка во области на спортот, музиката и сл.

Овие активности се одвиваат преку:

- Слободни активности;
- Натпревари и смотри;
- Заштита и унапредување на здравјето на учениците и култура на живеење;
- Општествено - културна дејност;
- Ученички екскурзии;

Нашите ученици зедоа активно учество во бројни натпревари во општината, градот и Републиката.

За формирање на здрава личност на ученикот спремен за успешно работење и напредок, основен предуслов е неговото физичко и психичко здрвје.

Во однос на заштитата и унапредувањето на здравјето на учениците и културата на живеењето, покрај содржините од редовната настава организирани се и реализирани редовни  систематски прегледи и вакцинации

на учениците, подобрување и постојана грижа за хигиенските и естетско-културните услови за живот и работа во училиштето.

За таа цел покрај предавања и дискусии на класните часови беа организирани предавања за превентивни мерки за болестите од зависности, Сексуално преносливи инфекции во соработка со Центарот за јавно здравје – Скопје, Скоро сите учениците во учебната 2022/2023 година беа осигурани.

Ученичките ескурзии кои беа планирани беа реализирани согласно предвиденото со Годишната програма за работа на училиштето. На 23.5.2023г. се реализираше еднодневна екскурзија од спортско-рекреативен карактер. Учениците на СУГС "Димитар Влахов" пешачеа по падините на Водно. На планинарскиот излет присуствуваа учениците од I, II и III година со нивните класни раководители и предметни наставници. Овој излет беше организиран од страна на Активот по спорт и спортски активности.

На ден 31.5. 2023 година беше изведена екскурзија поврзана со теми и содржини од наставните програми. Посетата беше реализирана од тим и одговорни наставници: Валентина Димитриевска, Славчо Марковски, Азем Фазлија, Нухи Зејнулаху, Елена Савевска, Марија Џолева, Слаѓана Јаневска, Јованка Јосифова. Со одобрение од БРО и МОН училиштето ја реализираше планираната научна екскурзија. Во екскурзијата беа вклучени ученици од прва и втора година.

Учениците ги посетија Музејот на Мајка Тереза во 9:30., а во 10:30 ЈУ Музеј на Град Скопје, каде што имаа можност да се запознаат со животот и делото на Мајка Тереза. Особено голема благодарност за туристичкиот водич во Музеј на Град Скопје, Михаљ Билбија, кој им ги објаснил археолошките поставки во музејот од периодот на праисторијата и остатоците од Старата железничка станица, разрушена во силниот земјотрес во 1963 год. Беа присутни 50 ученици.

Евидентирани се следните активности:

На 12.9.2022 – 14.9.2022 година во рамките на Националната програма за Јавно здравје, Центарот за Јавно здравје изврши антропометриски мерења (телесна тежина и висина) на учениците од прва година.

На 21.9.2022г. се одржа работилница „Средношколците за почисто Скопје" организирана од Волонтерски центар – Скопје, поддржана од Град Скопје.

На 22.9.2022г. и 23.9.2022г. се одржа обука за прва помош за учениците по повод „Кампањата за прва помош на млади". Опфатени беа сто ученици од сите четири години.

На ден 2.10.2022 година се одржа WIZZ AIR SKOPJE MARATON.Покровители на манифестацијата беа Градот Скопје,Мисијата на Европската Унија и агенцијата за Млади и Спорт.Организатор е Сојузот на Спортови на Скопје Сојуз на спортови на Скопје, во рамките на своите програмски активности.

И оваа година нашето училиште зема учество со наши ученици.

Учениците од IV-3 во рамките на наставниот план изучуваат предмет Управување со отпад. По тој повод со предметниот наставник Слаѓана Јаневска организираа акција - Селектирање на отпад. Акцијата е спроведена на 14.10.2022 година во кругот на училиштето во двете смени, но таа продолжува и понатаму. Целта е да се разбуди свеста кај учениците за правилна селекција на отпад како и постојана грижа за заштита на животната средина.

По успешната акција на селектирање, следниот ден на 15.10.2022 година, селектираниот материјал беше подигнат и однесен на рециклирање со Вендинг апаратот во просториите на маркетот ,,Веро'' учениците на тој начин се стекнаа со нови искуства за рециклирање.

На 20.10.2022 година беше реализирана екоакција во организација на Волонтерски Центар Скопје во рамките на проектот "Средношколците за чисто Скопје", одобрен од Секторот за образование на Град Скопје. Во акцијата активно беше вклучена Општина Аеродром со цел да се анимираат граѓаните и учениците од средните училишта за важноста и потребата од чиста и здрава животна средина. Нашите ученици со задоволство се приклучија во оваа екоакција активно учествувајќи во зачувувањето на животната средина.

На 13.11.2022г. се одржа третото традиционално МО-ВЕМБЕР ШОУ НА ФРИЗЕРИТЕ БЕРБЕРИ НА ГРАД СКОПЈЕ во Скопје Сити Мол.

Богат ревијален дел на мајсторите бербери со учество на нашите ученици кои имаа можност да ја почувствуваат сцената на еден ваков голем настан.

Од 14 – 20 ноември 2022г.беше одбележана Неделата на грижа за стари лица во дневните центри на Црвениот крст. Нашите ученици активно учествуваа со хуманитарни акции за средување на лицата во дневните центри.

На 24.11.2022 (четврток) во просториите на училишниот салон во Карпош се одржа едукативно предавање и работилница за учениците од втора и трета година, профил Фризер. Ивајло Љубомиров Стојанов како наш соработник, ментор на ученици и експерт во својата професија на интересен начин со презентација и пример од пракса ги запозна учениците кои вештини треба да ги поседува фризерот, како да комуницира со клиентот и најважно како да одредува дијагностика пред да започне со работа. Во вториот дел од презентацијата ги запозна со светот на боите, примарните и секундарните нијанси.

После презентацијата следеше работилница каде 10 ученици стекнатото знаење го применија во пракса.

Учениците од СУГС ,,Димитар Влахов" од образовните профили: техничар за козметичка нега и убавина и графички уредник-дизајнер заедно со наставниците по стручни предмети Маргарита Димитровска, Елена Савевска и Горан Јордановски беа во посета во Комората на занаетчии и се запознаа со филигранскиот занает низ времето, како и со работилницата за изучување и запознавање на вештината на филигранството и македонскиот накит.

Спојот на графичкиот дизајн се надополнува со убавината, учениците ги видоа можностите за начинот на изработка на дизајн за изработка на филигран па се до крајниот резултат т.е готов изработен филигран.

На 02.12.2022 год. (петок) во кино "Фросина", МКЦ, под мотото "Инспирирај се за иднината" се одржа настанот "Славиме 30 години партнерство" помеѓу нашата држава и USAID North Macedonia.

